Излезе новиот број на Граѓански практики

НАДВОРЕШНАТА ПОМОШ ОД ЕУ И МАКЕДОНИЈА – ПРИРАЧНИК ЗА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА



Македонскиот центар за меѓународна соработка го издаде новиот број на Граѓански практики, овој пат како прирачник под наслов „Надворешната помош од ЕУ и Македонија". Прирачникот содржи корисни информации за институциите на ЕУ поврзани со помошта, за раководењето со фондовите, за проектниот циклус на ЕУ, за рамките за соработка на Македонија со ЕУ, за програмите и финансиските инструменти на ЕУ и уште многу други корисни информации.

Од 1992 до 2003 година Македонија добила околу 606 милиони евра како помош од Европската комисија. Денес Македонија има многу мал пристап до изворите на фондовите на ЕУ. Утре ваквата состојба ќе се промени. МЦМС го подготви овој прирачник за да им обезбеди повеќе информации на граѓанските организации за тоа како функционира надворешната помош на ЕУ и како можат да ѝ пристапат тие.

Органи и тела на МЦМС

УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Македонскиот центар за меѓународна соработка ја одржа редовната 9. седница на 19 октомври 2005 г.

На седниците УО ја одобри предлог-програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) 2005-2007, а ги одобри и предлог-проектите: Обука за компјутерски вештини, бр. 05-13 РПБ 201; Обука за англиски јазик, бр. 05-13 РПБ 202; Водоснабдување на с. Озормиште, ЖЛН, бр. 05-08 ВСЗ 105; Кажи О.К. за МК, бр. 05-13 КМФ 102; НВО саем 5-ти Форум на граѓанското општество во Македонија; Водоснабдување на село Узем, КРЏ бр. 05-08 ВСЗ 104.

На истата седница Управниот одбро ги одобри и завршните извештаи за проектите: И ние сме за образование, бр. 05-08 ПОР 104; Квиз во знаење и умеење, бр. 05-08 ПОР 114 и Летен камп, бр. 05-08 ПОР 115.

Основач и издавач: МЦМС

•Претседател на Издавачкиот совет: **Зоран Костов**

•Редакција на МЦМС Билтенот: **Сашо Клековски** (главен и одговорен уредник), **Гонце Јаковлеска** (одговорен уредник), **Даниел Медароски** (лектор)

•Дизајн: **КОМА** лаб. - Скопје

•Тираж: 1.100 примероци

•Печати: Печатница **„Борографика"** - Скопје

Според мислењето на Министерството за култура на Македонија бр. 08/1-4/354 од 21.03.1997 за публикацијата „МЦМС Билтен" се плаќа повластена даночна стапка. ISSN 1409-6072

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
„Никола Парапунов" бб, п. фах 55,
МК-1060 Скопје
тел.: 02/3065-381, факс: 02/3065-298
E-mail: mcms@mcms.org.mk

МЦМС Билтен

МЦМС, ФОРУМ-ЦСИД и Потрага по заедничка основа

КАЖИ О.К. ЗА МК

91,2% од граѓаните сакаат да ја видат Македонија како дел од европското семејство, а 57,2% би се вклучиле во активности за поддршка на оваа цел

Македонскиот центар за меѓународна соработка, Форум-центарот за стратегиски истражувања и документација и Потрага по заедничка основа ја промовираа новата кампања што ќе се одвива под слоганот „Кажи О.К. за МК". Кампањата е продолжение на акцијата што се одвиваше во текот на октомври под мотото „Спомнете ја Македонија за добро" и е уште една можност за вклучување на граѓаните на Македонија во процесот на приближување на нивната земја кон Европската Унија. Носителите на кампањата истакнаа дека е потребна поширока акција за да се придонесе во процесот на зачленувањето на Македонија во ЕУ како еден од приоритетите и интересите на граѓаните. Овој придонес би требало да се направи со промоција на позитивните вредности на Република Македонија, на индивидуално ниво насочени кон граѓаните на Европската Унија и нејзините институции.



Промотивен материјал од кампањата

Истражувањето покажа дека висок процент, дури 91,2% од граѓаните, сакаат да ја видат Македонија како дел од европското семејство.

Во поглед на исполнувањето на условите за влез во Унијата, 56,3% од испитаните имаат позитивно мислење. Што се однесува до активностите на Владата, 50,5% сметаат дека Владата прави многу или доволно за процесот на евроинтегрирање, а 40,2% мислат дека не се прави доволно.

И интересот на граѓаните да учествуваат во некоја акција за поддршка на влезот на Македонија во ЕУ е голем. Дури 57,2% од граѓаните кажале дека би ја поддржале оваа иницијатива на различни начини (испраќање картичка, телефонско јавување, смс или порака по електронска пошта, учество во активностите на граѓанскиот сектор и др.).

Оваа граѓанска иницијатива е можност за граѓаните кои сакаат да направат нешто. Нешто за себе, за она што кажале дека го сакаат, нивната земја да биде дел од Европската Унија.

Ете затоа: „Кажи О.К. за МК"!



Во овој број:

- Кажи О.К. За МК
- Шест нови членки на платформата
- Без архивирање, нема сведоштво за нашата работа
- Пристапот до донаторите е значаен за успешноста на организацијата
- НВО Саем – 5 форум на граѓанското општество во Македонија
- Електронски Билтен
- Надворешната помош од ЕУ и Македонија – прирачник за граѓански здруженија

Седница на Советот на Граѓанската платформа на Македонија

ШЕСТ НОВИ ЧЛЕНКИ НА ПЛАТФОРМАТА

Советот на Граѓанската платформа на Македонија на 25 октомври одржа седница на којашто, меѓу другото, беа прифатени кандидатурите за членство во Платформата на: Еколошкото друштво „Натира" од Липково; Шелтер центарот – Прифатилиште за жени и деца жртви на насилство од Скопје; ДОВЕРБА - Здружението за лекување, рехабилитација и ресоцијализација на лицата кои злоупотребуваат дроги и други психоактивни супстанции од Скопје; Еколошкото друштво „Изгрев" од Свети Николе; СОС Куманово; Еколошкото друштво „Вила зора" од Велес и Младинската алијанса од Тетово.

Членовите на Советот го усвоија и Годишниот извештај за работата на Платформата за периодот март 2004 – март 2005 година со Финансискиот извештај на Секретаријатот.

На седницата беше презентирана Програмата за работа на Платформата за 2006-2007 година, а членовите на Советот се согласија преку работна група да ги разгледаат и анализираат предностите и недостатоците од регистрирањето на Платформата како посебно здружение.



Се зголемува бројот на членки во Платформата

Членовите на Советот го усвоија документот „Критериуми и механизми за избор на секретаријат" и ја дадоа својата поддршка на иницијативата на Полио плус за носење Закон за правата на лицата со хендикеп.

„Сега знам како да им пристапам на донаторите"

ПРИСТАПОТ ДО ДОНАТОРИТЕ Е ЗНАЧАЕН ЗА УСПЕШНОСТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Обуката „Како да им пристапиме на донаторите", во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), се одржа од 16 до 28 октомври оваа година, во х. Континентал во Скопје. Обуката се спроведе во рамките на програмата Оспособување на заедниците и институциите.

Обуката имаше за цел придонес кон развивање на капацитетите на лидерските групи на заедниците, овозможувајќи јакнење на локалните развојни иницијативи



На обуката учесниците меѓу другото вежбаа и симулација на средба со донатор

„Немам искуство од оваа област. Обуката ми беше добредојдена. Сега знам на каков начин треба да им пристапам на донаторите, како да подготвам апликација. Во групата имаше добра клима за работа. Се надевам дека ова што го научив на обуката ќе ми помогне во пристапот до нив", ни кажа Славица Трајановска, претставник на канцеларијата за локален економски развој при општина Ранковце.

Обуката имаше за цел да придонесе кон развивање на капацитетите на лидерските групи на заедниците, овозможувајќи јакнење на локалните развојни иницијативи. На неа учесниците се стекнаа со знаења за тоа како се прави првиот контакт со донаторот, начинот на комуникација, поднесувањето предлог-проект, спроведувањето и известувањето и комуникацијата по завршувањето на проектот.

Обуката ја заврши 16 учесници од единиците на локалната самоуправа и граѓански организации од општините Јегуновце, Желино, Ранковце и Илинден.

Обуката ја спроведоа Миодраг Колиќ од МЦМС и Зоран Стојковски од ЦИРа.

Оспособување на заедниците и институциите

БЕЗ АРХИВИРАЊЕ, НЕМА СВЕДОШТВО ЗА НАШАТА РАБОТА

„Многу ми се допадна тоа што имаше практични вежби, а не само теорија, така полесно ја сфатив материјата и начинот на документирање и архивирање на материјалите", ни кажа на крајот на обуката Биљана Петковска од ЗГ „Озон"

„Досега сум учествувал и на други обуки коишто позитивно влијаеле на мене и сум се обидел да ги трансферирам знаењата кај другите колеги. Оваа обука на директен начин е поврзана со мојата работа во општината. Задоволен сум од предавањата за архивирање на документацијата, која игра значајна улога за општините и за другите претпријатија. Без документација, не можеме да ја образложиме нашата работа или нашите резултати. Во иднина, би било добро доколку се здружат неколку општини, каде над 20% од населението се од албанската заедница, да се организира обука којашто би била спроведена на албански јазик. Бидејќи и според Законот протоколирањето и архивирањето на документацијата таа треба да биде на два јазика", ни кажа Вели Касами, референт за административно работење и архивирање во општина Осломеј.



Учесниците учат архивирање

Обуката за административно работење се одржа од 21 до 22 октомври оваа година во Скопје, во хотелот Континентал. Учесниците имаа можност да се запознаат со поимот, улогата и значењето на архивското работење, со значењето на изразите, со дијаграм на фази на дејства на канцелариското работење, со начинот на изработка на актите, вреднувањето на актите, со план на архивски знаци за распоредување на актите, со листа на архивска граѓа од трајна вредност, со листа на документарен материјал со рокови на чување и со обработка на теми од областа на архивирањето.

Биљана Петковска доаѓа од новоформираната организација „Озон" од општина Ранковце. Таа првпат се среќава со ваква проблематика и се надева дека ова што го научила на обуката ќе го искористи во понатамошното работење. "За време на обуката многу ми се допадна тоа што имаше доволно практични вежби, не само теорија, така што полесно ја сфатив материјата и начинот на документирање и архивирање на материјалите", рече Биљана на крајот на обуката.

На обуката зедоа учество по двајца претставници од локалната самоуправа и од здруженијата на граѓани од општините Гази Баба, Чаир, Осломеј и Ранковце.

Обуката ја спроведе Валентина Чичева од МЦМС.

НВО САЕМ – 5 ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

НВО Саем – 5 форум на граѓанското општество во Македонија ќе се одржи од 9 до 11 декември во просториите на Скопски саем.

НВО Саемот ќе ги задржи истите компоненти од претходните четири НВО саеми, односно ќе има: форумски расправи; изложбен дел; и социо-културни настани.

Носечка тема и фокус-земја кои треба да дадат обележје на настанот и да провејуваат во сите негови компоненти ќе бидат „Децентрализација", додека фокус - земја ќе биде Албанија.

Покрај носечката тема, посебно внимание ќе се даде на: европската интеграција на Македонија; невработеноста; сиромаштијата; и корупцијата

НВО Саемот за првпат се одржа во 2001 година и како уникатен по својата форма и содржина прераснува во традиционален настан чија цел е да создаде простор за размена на искуства меѓу граѓанските организации и поттикнување на меѓусебното разбирање и почитување; поттикнување дијалог меѓу актерите на граѓанското општество и зголемување на нивната комуникација, координација и соработка ; зголемување на информираноста во јавноста за активностите за актерите на граѓанското општество; и овозможување размена на информации со организации од регионот.

Минатогодишниот НВО саем го посетија повеќе од 10.000 лица, кои имаа можност да ги разгледаат 110-те штандови на кои изложуваа 244 граѓански организации, домашни институции, меѓународни организации и агенции, и организации од земјите од регионот, како и да учествуваат на 66 форумски дебати, едукативни сесии, промоции, презентации и социо-културни настани.

Регионална меѓугранична соработка

ЕЛЕКТРОНСКИ БИЛТЕН

Месечниот електронски билтен на програмата Регионална меѓугранична соработка се издава за да ја подобри меѓусебната информираност на вклучените граѓански организации и локални самоуправи. Со размената на информации се очекува да се надминат дел од проблемите коишто се појавуваат поради недостатокот на релевантни информации. Билтенот се подготвува на основа на извештаите на претставниците на локалните власти и граѓанските организации од вклучените региони и опфаќа информации за активности, проблеми и начинот на кој биле надминати проблемите.

Билтенот се издава еднаш месечно, на македонски, на албански и на англиски јазик.

Програмата Регионална меѓугранична соработка се спроведува во пограничниот триаголник: Македонија (Гостивар)-Албанија(Кукс)-Косово(Драгаш и Призрен).


Regional Cross-border Cooperation in Albanian-Kosovo-Macedonia triangle

Newsletter